# „Слободен пристап до информации од јавен карактер/SLAPP тужби кон новинари“

# Право на слободен пристап до информации од јавен карактер




Фото: Internet for Lawyers Newsletter

# УСТАВ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Член 16**

Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации.




Фото: МИА

# Цел на законот

- Да се обезбеди јавност и отвореност во работењето на имателите на информации и да им се овозможи на физичките и правните лица да го остваруваат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

- Имателите на информации за својата работа се должни да овозможат информираност на јавноста.

(„Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/2019)



Фото: FreePick

**Јавен интерес** во остварувањето на правото на пристап до информации подразбира, но не се ограничува, на интерес за информации, со чие што објавување, односно остварување пристап:

- ќе се открие злоупотреба на службена положба и коруптивно однесување;
- ќе се открие противправно стекнување или трошење на буџетски средства;
- ќе се открие потенцијален судир на интереси;
- ќе се спречи и открие загрозување на животната средина;
- ќе се спречат и откријат сериозни закани по здравјето и животот на луѓето;
- ќе се помогне да се разбере прашањето за кое се креира јавна политика или се води парламентарна дебата и
- ќе се овозможи еднаков третман на секој граѓанин пред законите.

# Која информација е од јавен карактер?

Јавна е секоја информација што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности.



Фото: National Today

# Исклучок од слободниот пристап до информациите од јавен карактер:

- Имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до:
  1) информација која врз основа на закон претставува **класифицирана информација** со соодветен степен на класификација;
  2) **личен податок** чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци;
  3) информација чие давање би значело **повреда на доверливоста на даночната постапка**;
  4) информација стекната или составена за **истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка**, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката;
  5) информација која ги загрозува **правата од индустриска или интелектуална сопственост** (патент, модел, мостра, стоковен и услужен жиг, ознака на потеклото на производот).
- По исклучок од ставот (1) на овој член, имателите на информации ќе одобрат пристап до информација по задолжително спроведениот тест на штетност со кој ќе се утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата.
- Ако документот, или негов дел, содржи информации од ставот (1) на овој член што можат да се одвојат од документот без притоа да се загрози неговата безбедност, имателот на информации ги одвојува тие информации од документот и го известува барателот за содржината на останатиот дел од документот.

# Кој има право на пристап до информации од јавен карактер?

Секое домашно или странско физичко и правно лице.



фото: Norma Javed CEO of NJ Marketing

# Дали барателите мора да образложат зошто им треба информацијата?

**Не**. Никој не смее од барателот да побара да го образложи неговото барање за пристап до информациите.



Фото: triOS College

# Обврски на имателите



**Проактивна транспарентност**



**Постапување по барања**



**Годишен извештај**

## Проактивна транспарентност

објавување на документи, информации и податоци **врз основа на сопствена иницијатива** на Имателот = институцијата

## Реактивна транспатентност

Овозможување пристап до документи, информации и податоци, **по примено барање** за информации од јавен карактер

# Проактивна транспарентност

- Имателите на информации се должни редовно да водат и да ја ажурираат листата на информации со кои тие располагаат и да ги објавуваат на начин достапен за јавноста (интернет страница, огласна табла и друго).
- Имателот на информации <u>**е должен**</u> да ја информира јавноста преку својата интернет страница со објавување на сите податоци содржани во член 10 од ЗСПИЈК. <u>Законска обврска на Имателите на информации</u>



# Кој е обврзан да обезбеди пристап до информациите?

Согласно законот, иматели на информации се:

- Државните органи и други органи и организации утврдени со закон, општините, Град Скопје и општините во градот Скопје како и судовите;
- Установите, јавните служби, јавните претпријатија, правните и физичките лица што извршуваат јавни овластувања утврдени со закон и активности од јавен интерес (училишта, болници, театри, културни центри, спортски здруженија итн.);
- Политичките партии во однос на нивните приходи и расходи.




Фото: Elderecho.com

**Кој е имател на информацијата, може да проверите на: www.aspi.mk/list-of-informers-informers/**

# На кој начин може да се побара пристап до информациите?

Барањето за пристап до информации од јавен карактер, до имателот на информациите може да се поднесе:



**Усно**



**Во писмена форма**



**Електронски**

**Образецот на Барањето за слободен пристап до информации** может да се најдете на: www.aspi.mk/documents/forms/.

Не е задолжително да се користи овој образец, но тој може да помогне. Доколку не се користи образецот,

во барањето треба да се наведе дека се работи за **Барање на пристап до информации од јавен карактер**.

# Дали јавната администрација е обврзана да им помага на барателите?



Фото: YTI Career Institute

**Да.** Службеното лице за посредување со информации има обврска да му помогне на барателот.

# Кога се добива одговор на барањето?

Одговорот треба да се добие веднаш, но не подоцна од законски утврдениот рок од 20 дена.

Во случај на усно барање, информацијата треба да се добие веднаш, но не подоцна од 5 дена од барањето.

Во исклучителни случаи, на барањето би можело да се одговори во подолг рок, но не повеќе од 30 дена.

Рокот може да биде продолжен во случај:

1) кога информацијата е од поголем обем;

2) кога се обезбедува делумен пристап.



Фото: CTI

# Во која форма може да биде дадена информацијата?




Увид

Препис

Фотокопија

Ел. запис

Барателот има право да ја избере формата на пристап наведувајќи ја во барањето.

# Што да се очекува откако ќе се поднесе писмено барање?

Имателот на информацијата може:

- Да ја обезбеди бараната информација (целосно или делумно) со донесување на образложено решение;
- Да го препрати барањето на друг имател на информации;
- Да одбие пристап до информацијата со образложено решение.



# Што треба да содржи жалбата?

Во жалбата, треба да се наведе:

1) назив на имателот на информацијата кој донел или пропуштил да донесе Решение и
2) причините поради кои барателот не е задоволен со решението или не донесувањето на истото.

Во прилог се доставува барањето кое што го поднел и решението што го побива, доколку е донесено.

Жалбата своерачно потпишана од барателот/жалител се поднесува во писмена форма до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението кое што се побива или по истекот на 20-тиот ден во случај на пропуштање на донесување на решение.




Фото: Straight Road Dental

# Ви благодарам на вниманието.

